# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**03.04.2007**<br>**БРОЈ 4 ГОДИНА 42** | |


# С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Братство Единство“ Охрид 2
2. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Христо Узунов“ Охрид 3
3. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Св.Климент Охридски“ Охрид 4
4. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Григор Прличев“ Охрид 4
5. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид 5
6. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти 6
7. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец 7
8. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани 7
9. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОМУ „Методи Патче“ Охрид 8
10. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид 9
11. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид 10
12. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид 11
13. Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01.2006 година до 31.12.2006 година 11
14. Заклучок 12
15. Одлука за стандарди за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на општина Охрид 13
16. Одлука за формирање локално координативно тело за превенција од болестите на зависност 19
17. Одлуката за измена на Одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид 20
18. Заклучоци 21
19. Заклучок 21

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Братство Единство“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/3**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Братство Единство“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.01-32/1 од 16.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/3**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Христо Узунов“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/4**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Христо Узунов“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.05-77/1 од 26.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/4**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Св.Климент Охридски“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/5**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Св.Климент Охридски“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.05-57 од 13.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/5**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Григор Прличев“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/6**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Григор Прличев“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.03-57/1 од 26.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/6**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/7**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.03-46/1 од 16.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/7**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ с.ВЕЛГОШТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/8**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ с.ВЕЛГОШТИ**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.03-46/1 од 16.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/8**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.ЛЕСКОЕЦ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/9**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.ЛЕСКОЕЦ**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.03-сл. од 16.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/9**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ с.ПЕШТАНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/10**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ с.ПЕШТАНИ**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.03-76/3 од 23.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/10**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОМУ „Методи Патче“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/11**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ “ ОХРИД

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОМУ „Методи Патче“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.03-76/3 од 23.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/10**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОСУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/12**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОСУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.05-76/3 од 23.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/12**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**
Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**
Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.05-76/3 од 23.02.2007 година.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУТУ „ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ОУТУ „ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година бр.05-76/3 од 23.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 год. ДО 31.12.2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01.2006 год. до 31.12.2006 год.**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 год. ДО 31.12.2006 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01.2006 год. до 31.12.2006 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/15-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува општинската администрација да изработи Информација за облогот, начинот и висината на реализација на сите приливи по основ на комунални такси кои не се во надлежност на Одделението за даноци и комунални такси, за периодот од 01.01.2006 год. до 31.12.2006 година.

**Број 07-584/15-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ, МЕБЕЛ И УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за стандарди за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на општина Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ, МЕБЕЛ И УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат стандарди за поставување на времени објекти, мебел и урбана опрема (во понатамошниот текст: урбана опрема) на јавни пешачки површини на подрачјето на општина Охрид, постапката за давање согласност за поставување како и други прашања од значење за поставувањето на урбаната опрема.

**Член 2**

Одредбите на оваа Одлука не се однесуваат на утврдените градежни парцели согласно детален урбанистички план каде организацијата на просторот се врши согласно планската и проектната документација (просторите на пазари, саеми, училишта, автобуски станици, трговски центри, индустриски, станбени објекти и други јавни објекти).

**Член 3**

Одделни изрази употребени во оваа Одлука го имаат следново значење:

- **Јавни пешачки површини** се површини на: плоштади, тротоари, пешачки улици и други површини наменети за пешачко движење во рамките на подрачјето утврдено со Генералниот урбанистички план на општина Охрид, а предвидени со детални урбанистички планови;
- **Активна пешачка зона** е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење;
- **Пасивна пешачка зона** е дел од јавна пешачка површина која освен за пешачко движење може да се користи и за поставување на урбана опрема;
- **Времени објекти** се типски, монтажни киосци од лесна конструкција кои во целост можат да се пренесат и постават на одредени места, имаат површина од 4м2, а се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, цигари, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна), лоцирани во склоп на автобуски стојалишта;
- **Урбана опрема** се елементи кои се поставуваат на јавна пешачка површина за определен временски период и согласно намената урбаната опрема може да биде за јавна и за комерцијална употреба. Во урбана опрема за јавна употреба спаѓаат: автобуски стојалишта, телефонски говорници, информативни табли, поштенски сандачиња, клупи, кошнички за отпадоци, жардињери за цвеќе, граничници. Во урбана опрема за комерцијална употреба спаѓаат: столови и маси со чадори за заштита од сонце.
- **Мебел** е лесно подвижни урбани елементи кои се поставуваат на јавната пешачка површина, како тезги, опрема за забава на деца, бини.

### ОСНОВНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**Член 4**

Урбаната опрема што се поставува на јавните пешачки површини не смее на никаков начин да биде трајно прицврстена за подлогата, без оштетување на истата, а нејзиното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин.

**Член 5**

(1) На јавните пешачки површини не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

(2) Лицата што имаат добиено одобрение за поставување на урбана опрема не смеат да преземаат градежни зафати на јавната пешачка површина што ја користат, а особено не зафати

со кои се менуваат материјалот и нивелетата на пешачката површина. На јавната пешачка површина не смеат да се монтираат платформи или рампи, од било каков материјал.

**Член 6**

(1) На плоштадите, на кејот и на активната пешачка зона не е дозволено:

- трговија на стока од подвижни улични продавачи;
- давање конфекционирани угостителски услуги во подвижни објекти (приколки);
- продажба на занаетчиски производи.

(2) Вршењето на активностите од алинеја 1 од став 1 од овој член може да биде во рамките на пешачките површини во трговските центри, работите од алинеја 2 од став 1 од овој член може да се врши при одржување на саеми, а работите од алинеја 3 од став 1 од овој член може да се врши во трговски центри и на пешачките улици согласно посебно изработен елаборат.

**Член 7**

(1) На јавните пешачки површини со поставување на урбана опрема не смее да се нарушува изгледот на околниот градски простор, да се спречува и оневозможува користењето на јавната пешачка површина, соседните градби и да биде обезбеден слободен пристап до сите видови јавни и станбени објекти.

(2) Во зоните со статус на културно наследство или во зоните со посебен заштитен режим не се дозволува поставување на урбана опрема од комерцијална намена, освен на одделни локалитети по претходно мислење од Управата за заштита на културното наследство.

**Член 8**

Пасивната пешачка зона на која се поставува урбана опрема мора да се одржува во хигиенска исправна состојба.

**Член 9**

(1) При поставување на урбана опрема на јавните пешачки површини минималната слободна активна пешачка зона од попречниот профил на тротоарот или пешачката улица изнесува 1.8м. Во централното градско подрачје минималната слободна активна пешачка зона изнесува 1.5м.

(2) Кај пешачки улици кај кои има двострана пасивна пешачка зона, средишната активна пешачка зона треба да биде со попречен профил минимум 2.5м.

**Член 10**

(1) Поставување на урбана опрема на јавните пешачки површини е можно во пасивната пешачка зона која што во зависност од типот на урбаната опрема е со минимална широчина од 0.80м (за кошничка за отпадоци, жардињери), односно од 1.5м (за автобуски стојалишта, киосци, маси и столови, дрвореди).

(2) Пасивната пешачка површина се предвидува на минимално растојание од 0.80м од рабникот на коловозот.

(3) Минималната широчина на јавната пешачка површина на која може да се постави урбана опрема изнесува 3.4м, а за поставување на киоск истата треба да изнесува минимум 4.1м.

**Член 11**

Поставувањето на урбана опрема за комерцијална употреба е дозволено само во широчината пред деловен простор, доколку се исполнети условите од оваа Одлука.

**Член 12**

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците, која изнесува минимум 8 метри од просечната точка на двете регулациони линии.

**Член 13**

Во коридорот на пасивната пешачка зона минималната слободна височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4м. При поставување на настрешници и тенди над активната пешачка зона минималната слободна височина изнесува 3.2м., со изглед и боја усогласени со околината.

**Член 14**

Времетраењето на користењето на јавната пешачка површина може да биде:

- Дневно, со одобрение за време од 24 часа, со поставување и отстранување на мебелот;
- Краткотрајно, со одобрение за мебелот кој се поставува и отстранува во период од 30 дена;
- Сезонско, со одобрение за урбана опрема за комерцијална употреба, со поставување и отстранување за период од 3 до 7 месеци;
- Годишно, со одобрение за поставување на урбана опрема за јавна намена за период до 5 години.

**ПОДЕТАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

**Член 15**

Покрај основните стандарди од глава 2 на оваа Одлука, се утврдуваат и подетални стандарди за одделни елементи на урбана опрема и тоа:

1. Киосци (К)

- Може да се постават само во склоп на автобуски постојки каде е предвидена ваква содржина;
- Киосците треба да бидат со изглед и боја усогласени со околината кои ќе се утврдат во елаборатот за добивање на согласност;
- Максималната површина на киоскот може да биде до 4м2.

2. Автобуски стојалишта (АС)

- Автобуските стојалишта (постојки) за автобуси потребно е да бидат типизирани, во зависност од фрекфенцијата на сообраќајот.
- Автобуските стојалишта се со површина до 15м2, со височина до 4м мерено од нивото на тротоарот до врвот на покривачот.
- Во зависност од фрекфенцијата на сообраќајот, има три типа автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А - само стојалишта за автобуси

Во рамките на овој тип на автобуско стојалиште има настрешница, клупа и кошнички за отпадоци, урбани светилки и информативни табли.

б) Тип Б - стојалишта и билетара

Во рамките на овој тип на автобуско стојалиште има настрешница, билетарница, клупа и кошнички за отпадоци, урбани светилки и информативни табли.

в) Тип В - стојалиште, билетара и (или) киоск

Во рамките на овој тип на автобуско стојалиште има настрешница, киоск, билетарница, клупа и кошнички за отпадоци, урбани светилки и информативни табли.

- Типот на стојалиштето и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува според планот на стојалишта кој го утврдува Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.
- При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2.5м (потребна слободна пешачка површина од 1.5м и 1м потребен простор за манипулација со елементите на самата постојка).

3. Телефонски говорници (ТГ)

- Јавните телефонски говорници како елемент на урбаната опрема на градот треба да се типизирани и се од монтажен карактер;

- Јавна телефонска говорница може да биде слободностоечка или прикачена на зид, а се поставува на поголема јавна пешачка површина, плоштад и треба да биде достапна за луѓето со хендикеп;
- Минималниот простор кој што треба да е слободен пред јавната телефонска говорница изнесува 1.20м х 0.85м., како би се овозможил пристап, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

4. Информативни табли (ИТ)

- Информативните табли служат за огласување, рекламирање и информирање на граѓаните, а можат да бидат за јавна намена (карта на Охрид) и за комерцијална намена (реклами на правни лица и други субјекти).
- Поставувањето на информативните табли треба да не го попречува нормалното одвивање на колскиот и пешачкиот сообраќај.
- Во пасивната зона, може да се поставуваат следниве видови на информативни табли:

а) прицврстени табли на објекти за огласување на културно - уметнички, спортски и други манифестации и

б) слободно стоечки, преносливи и други табли од рекламен карактер и друга содржина.

- Огласите и другите текстуални објави може да се истакнуваат само на рекламни витрини, рекламни столбови и сл.
- Рекламни витрини (осветлени) се поставуваат како самостоечки, ѕидни и на автобуски постојки. стандарди димензии на витрина: 1.3 х 0,25м., со максимална височина до 2.2м.
- Рекламните столбови може да бидат со квадратен, кружен или триаголен облик, со површина со максимален дијаметар 1.0м и максимална височина до 2.5м.

5. Поштенски сандачиња (ПС)

- Поштенските сандачиња може да се слободностоечки или прикачени.
- Локациите за поставување на поштенски сандачиња се по должината на магистрални улици и тоа воглавно пред трговско деловни центри, поголеми пешачки улици, автобуски постојки, плоштади и други јавни објекти.
- Кога поштенските сандачиња се слободностоечки се поставуваат во пасивната пешачка зона.

6. Клупи (КЛ) и Кошнички за отпадоци (КО)

- Клупите и кошничките за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборатот за поставување на урбана опрема.
- Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1м х 1.2м за луѓето со хендикеп.
- Кошнички за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

7. Жардењери со цвеќе и граничници (ЖГ)

- Жардењери со цвеќе и границќници се лоцираат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за маси и столови или да се ограничи просторот меѓу сообраќајницата и пасивната пешачка зона.
- Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрениетоз а поставување на урбана опрема на јавната пешачка површина за комерцијална употреба, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.
- Максималната висина на жардењерите и граничниците е 0.80м.

8. Маси и столови со чадори за заштита од сонце (МС)

- Поставување на маси и столови со чадори за заштита од сонце се врши на пасивната пешачка зона пред угостителските објекти кои имаат добиено одобрение за поставување на урбана опрема на јавната пешачка површина.
- Минимална ширина на површината за поставување на маси и столови се чадори за заштита од сонце изнесува 1.50м., за маси со столови и клупи на кои се служи само пијалак, слатки, пециво.

9 Тезги (Т)

- Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема за кои се издава одобрение за дневно и краткотрајно користење.
- Тезгите се издаваат по повод државни и верски празници и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена и не е дозволена продажба на храна.
- Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.
- Максималната површина на тезгите изнесува 2м2 и се поставуваат и отстрануваат секојдневно, по завршување на дејноста.
- Не е дозволено лоцирање на тезги на плоштад „Св.Климент Охридски“. Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.
- По завршување на дејноста и отстранување на тезгите да се уреди просторот во првобитна состојба.

10. Опрема за забава на деца (ОЗ)

- Опремата за забава на деца се поставува по повод државни и верски празници на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни пешачки површини), во близина на паркинг простор, а јавната пешачка површина се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

11. Бини (Б)

- Бини (платформи се поставуваат за време на одржување на културно уметнички манифестации.
- Поставувањето и отстранувањето на истите треба да се изврши за временски период од 1 до 15 дена. Поставувањето и отстранувањето треба да бидем непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата. По завршување на манифестацијата и отстранување на бината да се уреди просторот во првобитна состојба.
- Бините се поставуваат на плоштади кои можат да примат поголема група на граѓани.

**СОГЛАСНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

**Член 16**

Согласноста за поставување на урбана опрема според оваа Одлука ја издава Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој при Локалната самоуправа.

**Член 17**

(1) Со барањето од член 16 на оваа Одлука, се доставува соодветен елаборат за поставување на урбана опрема. Елаборатот се изработува согласно стандардите утврдени со оваа Одлука.

(2) Елаборатот од став 1 на овој член содржи текстуален и графички дел.

- Текстуалниот дел содржи техничко образложение за организација на пасивната пешачка зона со урбана опрема.
- Графичкиот дел на елаборатот содржи:

а) Ситуација на постојната состојба на локалитетот на плоштад или улица со тротоар во размер 1:500 или 1:1000.

б) Извод од Деталниот урбанистички план на постојниот локалитет во размер 1:1000.

в) Предлог - ситуационо решение за поставување на урбана опрема на локалитетот во размер 1:500 (или 1:1000 за поголеми локалитети) со назначување на активна и пасивна пешачка зона согласно член 9 и 10 од оваа Одлука.

г) Предлог - ситуационо решение за поставување на урбана опрема на пасивна пешачка зона во размер 1:200 со соодветни ознаки на урбаната опрема согласно член 15 од оваа Одлука.

д) Детално - ситуационо решение на одделни микролокалитети со детали на одделна урбана опрема во размер 1:50 и приказ на одделни елементи на урбаната опрема 1:20 или 1:10.

(3) Елаборатот од став 1 на овој член се доставува до соодветниот орган од член 16 од оваа Одлука во четири примероци, од кои три со заверена согласност.

(4) За Старата чаршија потребно е да се изработи единствен елаборат за поставување на урбана опрема.

**Член 18**

(1) Графичкиот прилог од член 17 став 2 алинеја 2 точка а) од оваа Одлука содржи: приказ на постојаната состојба со регулациона линија, градежна линија, постојните објекти и постоечка урбана опрема на тротоарот, влезови во објектите, рампи, скали, велосипедски патеки, дрва и дрвореди и се друго што може да има влијание при поставување на урбаната опрема.

(2) Графичкиот прилог од член 17 став 2 точка а) од оваа Одлука содржи: идејно решение на јавната пешачка површина, урбаната опрема поставена на пасивната пешачка зона, димензиите на активната пешачка зона, растојанијата до рабникот на сообраќајницата, регулационата линија и други релевантни елементи, со акцент на дизајнот и бојата на урбана опрема.

**Член 19**

Секторот од член 16 од оваа Одлука по комплетирање на целокупната документација и со проверка на усогласеноста со одредбите од оваа Одлука дава согласност за поставување на урбана опрема во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетираното барање во надлежниот Сектор.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 20**

(1) Спроведувањето на одредбите од оваа Одлука ќе го врши Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој, а надзорот ќе го вршат надлежните инспекциски служби.

(2) Постојните сопственици на времените објекти односно киосци лоцирани на јавна пешачка површина што не ги исполнуваат стандардите утврдени со оваа Одлука се должни во рок од 1 година по влегувањето во сила на оваа Одлука да се прилагодат кон стандардите на истиот.

(3) Локалната самоуправа да направи анализа на постојните времени објекти поставени на јавна пешачка површина во однос на намената и големината на киосците и да ги извести сопствениците на киосците што не ги исполнуваат стандардите утврдени со оваа Одлука, дека се должни во рок од една година по влегувањето во сила на оваа Одлука истите да ги отстранат. По истекот на тој рок отстранувањето ќе го извршат општинските служби односно субјектот овластен од општината, на сметка на сопственикот на киоскот.

**Член 21**

Графичките прилози на стандардите за поставување на урбана опрема се составен дел на оваа Одлука.

**Член 22**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Правилникот за поставување опрема на јавни пешачки површини бр.07-2797/9 („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.10/05).

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/16**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање на Локално координативно тело за превенција од болестите на зависност**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/17**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локално координативно тело за превенција од болестите на зависност.

**Член 2**

Локалното координативно тело за превенција од болестите на зависност ќе работи во состав:

- Д-р Љупчо Кеверески,
- Марија Рибароска,
- Ѓоко Апостолов,
- Царева Рувинова,
- Офелија Петреска,
- Жанета Никовска - Стојкоска,
- Ѓоко Тодороски,
- Илија Миштакоски,
- Д-р Ефтим Бакалов,
- Д-р Снежана Стрезоска

**Член 3**

Локалното координативно тело за превенција од болестите на зависност има за задача да изготви Програма за превенција од болестите на зависност и да презема соодветни мерки и активности околу нејзината успешна реализација.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/17**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за измена на Одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/18** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз на патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Во членот 5 став 5 од Одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид бр.07-561/22 од 31.03.2006 година „бројот „01.04.“ после зборот „до“ се заменува со бројот „31.05.“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-584/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВААТ,** Заклучоците, што ги донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.03.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Да се пристапи кон трансформација, односно промена на организационата поставеност на МЈП „Проаква" Струга.

2. Да се отпочне со постапка за реорганизација на МЈП „Проаква" Струга на три посебни нови јавни претпријатија, заради нивно ефикасно, одговорно и професионално работење кои ќе бидат во состојба да го обезбедуваат вршењето на дејностите од јавен интерес на начин и под услови утврдени со Закон и тоа:

- Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување отпадни атмосферски води за потребите на општина Струга со седиште во Струга;
- Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување отпадни атмосферски води за потребите на општина Охрид со седиште во Охрид и
- Меѓуопштинско јавно претпријатие за прочистување на отпадни води и заштита на Охридското Езеро „Проаква".

За реализација на активностите од претходните точки се формира Работна група во состав:

| | |
|---|---|
| 1. Бранислав Трпчески | в.д. Директор на МЈП „Проаква" Струга |
| 2. Димитрија Вревезоски | Секретар на општина Охрид |
| 3. Зоран Гулицоски | Секретар на општина Струга |

**Број 07-584/19**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година.

**Број 08-584/20**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.03.2007 година ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

Се задолжуваат општинската администрација и Комисијата за финансии и буџет да ја согледаат можноста да се изнајдат средства во износ од 1.080.000,00 денари од Буџетот на општина Охрид за финансирање на Проектот за субвенционирано вработување во мали и средни претпријатија, а со цел за намалување на невработеноста во општина Охрид.

**Број 07-584/20**
**30.03.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**